**<u>Маврово, 15то Годишно собрание на АЦИ Македонија ЗФП</u>**

Почитуван Вице Гувернер на НБРМ
Почитувани претставници од банки и други финансиски институции
Почитувани гости,

Со големо задоволство би сакал да Ви посакам добредојде, и да го објавам отварањето на 15то Годишно собрание на АЦИ Македонија ЗФП, што воедно претставува своевиден јубилеј, како дополнителен доказ за успешно опстојување, и со надеж дека ќе забележи подолгорочни јубилеи во иднина .

Оваа година е извршена промена на тајминг-от (согласно одобрение и желба на целокупното членство) на одржување на собранието, и би сакал да заблагодарам на стандардното масовно присуство, без оглед на промената. Особено сакам да нагласам дека дел од странските стандардни гости поради промената можеби не се присутни оваа година, но со задоволство сакам да ги поздравам странските гости кои за првпат се присутни, со надеж дека ќе станат стандардни, па од другата година очекувам странското присуство значајно да добие на квантитет.

Пред да започнеме би сакал да го претставам работното претсдателство за работната седница на ова собрание во состав: Мирјана Трајановска (од Стопанска банка ад банка), Наташа Несторовска (од Стопанска банка АД Битола, член на Надзорниот одбор на здружението), Ненад Јовчески (од НЛБ Тутунска банка ад Скопје), кој ќе биде записничар и јас, Емил Јакимов (од Комерцијална банка ад Скопје, Претседател на здружението).
Потписник на записник ќе биде Ида Коцева-Боцевска од ИК Банка АД Скопје, член на Надзорниот одбор на здружението.

Приоритетно сакам да изразам голема благодарност на спонзорите, како помагатели на овој настан, и тоа: THOMSON REUTERS, BLOOMBERG LP, EUROPOINT, DEUTSCHE BANK FFM, COMMERZBANK FFM, UBS AG ZURICH, МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ, МАКСТИЛ АД СКОПЈЕ, АСЕКО СЕЕ СКОПЈЕ, ОКТА АД СКОПЈЕ, со надеж за продлабочување на соработката на обостран интерес, а за здружението како заложба и целосно прифатен ЗАВЕТ кој ќе биде исполнет реално и во насока на понуда за отворена соработка, како деловна, така и едукативно-консултативна, посредничка подршка и сл., за сите пројавени потреби.

Би сакал да нагласам дека на нашиот обновен сајт www.acimacedonia.org (кој во блиска иднина ќе биде дополнително усовршен во смисла на корисност и ефикасност), можете да најдете голем број на информации, тековни за финансиските пазари, потоа за сите поминати и планирани настани и активности. Во насока за поголема комуникација и корисна соработка во план е и овозможување на блог-комуникација и соодветна вокалубарна стручна "википедија", во насока на зголемена транспарентност, и поголема можност за информираност и едукативна подршка поврзана со тековите на финаниските пазари, во земјата и релевантни податоци од странските пазари. Инаку ова како принцип е продолжение на договорените и прифатени предлог-точки од сите 63 земји членки на светското АЦИ, од последниот редовен состанок во Париз Ноември,2009 год., востановен како единствен начин за оптимално обезбедување на извршување на основната улога на АЦИ како најголемо здружение на финансиски пазари генерално, со значајната позадинско-едукативна подршка на финаниските пазари на светско ниво.

Сакам да напоменам дека за време на состанокот во Париз, покрај стандардните точки, беа наметнати конструктивни разговори во неофицијалниот дел, во насока на потенцијална иницијатива за отпочнување на процес за формирање на АЦИ здружение за покривање на потребите исклучиво на регионот. Значи покрај надополнување со поразвиените финансиски системи во регионот, така и заеднички настап регионално, која иницијатива од регионалните асоцијации неформално беше позитивно прифатена, и како процес ќе треба да се истурка. Актуелно формално постои структура на координатори за регионот по различни активности кои ги покрива АЦИ, но во случајов ваквата регионална структурна систематизација би се институционирала, а се надевам би била од огромна корист на АЦИ Европа, во смисла на поефикасна соработка и поконструктивно покривање на потребите и информираност за регионот.

Од друга страна, тоа би бил значаен бенефит, а со остварување на посакуваниот развој на ова организација, пооптимално и поефикасно ќе бидат согледани потребите за приклучок и исползување на финанискиte пазари регионално поцелосно. Во таа насока можда во релативно блиска иднина ќе имаме можност да бидеме сведоци на Балканско АЦИ годишно собрание, или можда на Југоисточна Европа, зашто и претставниците од асоцијациите од соодветните земји покажаа свој интерес. Зад оваа иницијатива стои нашето претседателство и членство (дискутирано на редовен официјален состанок), па следствено на редовниот Council Meeting оваа година, во Истанбул оваа иницијатива, како реален предлог ќе биде елабориран соодветно.

За жал ни оваа година нема претставник од светското АЦИ, и нивното партиципирање ќе биде преку изложување на официјален извештај од страна на г-динот Манфред Виобоген, Претседател на Светското АЦИ Здружение, во рамки на дневниот ред.

Дневниот ред на предвидената програма на собранието е поделена на два дела: извештаен и дел со стручни презентации, кој Ви е поделен во материјалите и се надевам ќе го задржат Вашето внимание.

Формално би Ве запрашал дали се сложувате со предвидениот дневен ред... дали има некој против, или предлог да се додаде некоја точка???

>>>

Пред да пејдеме на предвидените точки од дневниот ред би сакал да се заблагодарам на членовите на организациониот одбор кои несебично асистираа за организација на собранието, и тоа: Христина Накова од Прокредит банка, Наташа Несторска од Стопанска банка Битола, Звонимир Солтиров од НБРМ, Анета Стевческа од Комерцијална банка, Ида Коцева-Боцевска од ИК банка, Бојан Цветановски од НЛБ Тутунска банка, Дарко Стојковски од Штаермаркише Инвест банка и Емилија Богдановска од Уни банка.

***Посебно сакам да се заблагодарам на извонредната професионална соработка со извршниот менаџер на комплексот Бистра г-дин Томи Саздовски.

***Емил Јакимов, Претседател***
***АЦИ Македонија Здружение на финаниски пазари***